ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Никола Тодоров, министер за здравство и

м-р Јовица Андовски заменик на министерот за здравство

ПОВЕРЕНИЦИ: Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство

Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
## за изменување на Законот за санитарната и здравствената инспекција

Скопје, август 2014 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 42-6384/1
21.08.2014 година
С к о п ј е

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

С К О П Ј Е

Врз основа на членот 91, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132 и 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог - закон за изменување на Законот за санитарната и здравствената инспекција, што го утврди на седницата, одржана на 21.8.2014 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Никола Тодоров, министер за здравство и м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, а за повереници Стојанчо Стојковски, државен советник во Министерството за здравство и Татјана Васиќ Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Никола Груевски

Подготвил: м-р Александра Дрангловска
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Митра Спасовска
Одобрил:Тахир Хани

ВОВЕД

## I. ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со предложените измени се врши усогласување на Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13 и 43/14) со цел надлежноста за решавање по прекршочните предмети (водење на постапка за порамнување) да се пренесе од Министерството за здравство на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Со решенијата содржани во предлог законот се врши промена во надлежноста за решавање по прекршочните предмети (водење на постапка за порамнување).

Предлогот на законот за изменување се заснова на истите начела на кои се заснова и Законот за санитарната и здравствената инспекција.

Во Предлог законот е содржано решението според кое Државниот санитарен и здравствен инспекторат ја води постапка за порамнување пред да се поднесе барање за прекршочна постапка.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Законот за изменување на Законот за санитарната и здравствената инспекција не предизвикува фискални импликации по Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предлогот на Законот за изменување на Законот за санитарната и здравствената инспекција не предизвикува фискални импликации за одделни субјекти.

Предлог-закон
за изменување на Законот за санитарната и здравствената инспекција

Член 1

Во Законот за санитарната и здравствената инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13 и 43/14), во член 31-в во ставот 2 зборовите „Министерството за здравство“ се заменуваат со зборовите „Државниот санитарен и здравствен инспекторат“.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ - ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со член 1 од предлогот се врши изменување на постојниот член 31-а од законот, во кој се предлага Државниот санитарен и здравствен инспекторат да ја води постапка за порамнување пред да се поднесе барање за прекршочна постапка.

Членот 2 е завршна одредба.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани во функција на соодветна практична имплементација на предметниот закон.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените решенија ќе се овозможи наместо Министерството за здравство, постапката за порамнување да ја води Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

# ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА САНИТАРНАТА И ЗДРАВСТВЕНАТА ИНСПЕКЦИЈА („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13 и 43/14) ШТО СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 31-в

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води надлежниот суд.

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка за прекршоците предвидени со овој закон, Министерството за здравство води постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоци.